Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-305/7
Датум: 20.06.2024

Постапувајќи по претставката со бр. 08-305/1 од 11.03.2024 поднесена од [redacted] од Кавадарци, со живеалиште на [redacted] против Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија, бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 18.06.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и политичко уверување од страна на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија врз [redacted] во областа на работата и работните односи.

## Образложение

На 11.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08-305/1 од подносителот [redacted] против Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и политичко уверување во областа на работата и работните односи.

Подносителот во претставката наведува дека е вработен во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – подрачна служба Кавадарци од 01.01.2002, а моментално е распределен на работно место оператор за издавање на ЕЗК од средна стручна спрема. Подносителот наведува дека во меѓувреме се запишал на Универзитетот Гоце Делчев во Штип и на 14.05.2020 година се стекнал со квалификација од ниво VIБ и стручен назив дипломиран инженер по индустриска логистика, видно од уверение бр. 1005-21/21 издадено од УГД Штип. Од моментот на добивањето на квалификацијата, подносителот вели дека неколку пати се обратил со барања до централниот ФЗОМ за добивање повисока плата согласно неговото звање, но не добил позитивен одговор, за што доставува и докази. За разлика од него, повеќе негови колеги, кои согласно неговите тврдења, откако го завршиле истиот факултет, добиле решенија за повисоки плати. Тој смета дека ваквиот третман од неговиот работодавач е политички реваншизам.

Бидејќи во претставката не беа јасни околностите што ја сочинуваат дискриминаторската основа, Комисијата, согласно чл. 24, ст. 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 12.03.2024 до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Во споменатиот поднесок, беше побарано подносителот да ја доуреди претставката во насока што ќе ги појасни околностите што ја сочинуваат неговата дискриминаторска основа, односно заштитна карактеристика врз основа на која смета дека е дискриминиран. Воедно, од подносителот се побара да се наведат и сите факти кои се врзани со дискриминаторската основа и причина зошто тој смета дека поради тие околности е дискриминиран.

На 20.03.2024 до Комисијата беше доставен поднесок за доуредување на претставката. Во поднесокот подносителот наведува дека смета дека е дискриминиран врз основа на етничка припадност и политичко уверување. Тој наведува дека од раководните лица на неговиот сектор му било кажано од раководните лица во неговиот сектор дека нема да добие покачување затоа што немал поддршка и дека тоа било од политички причини.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на 28.03.2024 година достави барање за произнесување по наводите од претставката и поднесокот за доуредување до ФЗОМ – подрачна служба Кавадарци. Исто вакво барање за произнесување на 03.04.2024 беше доставено и до централната служба на ФЗОМ.

На 19.04.2024 до Комисијата беше доставен поднесок од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за произнесување по наводите од претставката и поднесокот за доуредување на претставката. Во произнесувањето, ФЗОМ ги негира наводите дека подносителот бил дискриминиран и дека не било одговорено на неговите барања, доставувајќи доказ – одговор на барање бр. 04-3959/1 од 02.03.2023. Во доставениот одговор ФЗОМ го информира подносителот дека унапредувањето кое е предмет на неговото барање не следи по автоматизам со завршување на повисоко образование и доставување на барање за унапредување, туку дека тоа се врши со интерен оглас за вертикално унапредување најмногу едно ниво. Дополнително, институциите имаат обврска да ги планираат вработувањата и унапредувањата на административните службеници врз основа на Методологија за планирање, утврдена во Законот за вработени во јавен сектор, за што раководното лице на институцијата подготвува годишен план за вработувања за следната година. Пред да отпочне постапката за унапредување на административниот службеник потребно е работното место на кое треба да се унапреди да биде предвидено во Годишниот план за вработување. За започнување на постапка за унапредување на административен службеник раководното лице од институцијата, до организационата единица надлежна за управување со човечки ресурси во институцијата, доставува барање за започнување на постапка за унапредување на службеникот, во кое се назначува нивото и описот на работното место кое се предлага за пополнување. Понатаму, доколку институцијата има добиено известување за добиени финансиски средства согласно чл. 30, ст. 5 од Законот за административни службеници се објавува интерен оглас и образец за пријава за унапредување. На интерниот оглас може да се јави административниот службеник, вработен во истата институција кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и да е оценет со оцена А или Б при последното оценување, да е на работно место на непосредно пониско ниво или на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас, да поминал најмалку 2 години на исто ниво и да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Ценејќи ги наводите од претставката, поднесокот за доуредување на претставката и наводите од поднесокот за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека подносителот [redacted] не сторил веројатно дека работодавниот орган – Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – подрачна служба Кавадарци сторил дискриминација кон него врз основа на етничка припадност и политичко уверување во областа на работата и работните односи.

За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката на претпоставениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, тој мора да презентира факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминацијата би можела да биде извршена, односно од кои јасно може да се претпостави за веројатно дека **токму дискриминаторската основа е таа околност што довела до понеповолно постапување или ефект од постапувањето, за разлика од другите.** Воедно, подносителот потребно е да го направи веројатно постоењето на каузална врска помеѓу понеповолно постапување или ефектот од постапувањето и настанатата повреда или штета, во конкретниот случај, според тврдењата на подносителот - незаконито распоредување на друго работно место. И покрај Барањето за доуредување на претставката кое го испрати Комисијата,

подносителот единствено како дискриминаторска основа етничка припадност и политичко уверување, без притоа да појасни кои околности упатуваат на негова заштитна карактеристика. За иста, односно споредлива ситуација подносителот не навел ниту компаратор, со кој би го докажал нееднаквиот третман во работните односи. Воедно, во конкретниот случај не се настанати ни законските претпоставки и услови за унапредување, предвидени во Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, па оттука не можеме да говориме за повреда на одредено право, а следствено на тоа ниту за дискриминација, како повреда на одредено право врз основа на заштитна карактеристика.

При така констатирана состојба, **во недостаток на нееднаков третман врз дискриминаторска основа во остварување на правата од работниот однос и недостаток на повреда на право не може да стане збор за дискриминација.** Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и политичко уверување од страна на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија врз [redacted] во областа на работата и работните односи.

Скопје
18.06.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, ул. Македонија бр. 5, Скопје